Заклучоци
од
средбата на царинските и преку граничните инспекциски служби и стопанствениците од Република Македонија и Република Грција на граничниот премин Евзони / Богородица

Гевгелија, 10 декември 2012 година

Претставници на царинските управи на Република Македонија и Република Грција, преку граничните инспекциски служби од двете страни, бизнис-заедницата, претставена од бизнис-асоцијациите на двете земји, како и претставниците на националните железници и Пристаништето во Солун, се сретнаа со цел промовирање и унапредување на прекуграничниот проток на стоки и ефикасни прекугранични процедури. Средбата се оствари на иницијатива на Стопанската комора на Македонија и Канцеларијата за врски на Грција во Скопје, со поддршка на Царинската управа на Република Македонија, на граничниот премин Евзони и Богородица (10 декември 2012 година).

Двете страни, по разменетите информации за функционирање на прекуграничните процедури и изнесување на состојбите, укажувајќи на билатералната и регионалната важност на ефикасното функционирање на Коридорот 10, уважувајќи ги инфраструктурните и човечките капацитети на прекуграничните премини, обемот на сообраќајот и обемот на поминување на стоките, како и вкупните капацитети на двете национални железници и Пристаништето во Солун, по однос на следните прашања постигнаа консензус во однос на преземање мерки за олеснување и забрзување на протокот на стоки:

- Со цел скратување на времето на царинење на стоките, двете страни покажаа волја да се иницира и да се преиспита можноста за заедничко или царинење на едно место. Свесни за системските можности кои ги поставува ЕУ, двете страни се сложија ова прашање да се разгледа и во рамките на интерните ресурси и мандати на двете царински управи.
- Двете страни да ја разгледаат можноста за да се воспостави 24-часовно царинење за сите стоки, вклучувајќи ги и акцизните стоки и поедноставените процедури. Колоните кои ги формираат цистерните со нафтените деривати, особено во текот на летото, ја загрозуваат општата безбедност.
- Физичките контроли на самата граница треба да се базираат на проценката на ризикот, наместо контрола на секое возило. Треба да се користи можноста и за контрола на внатрешната територија на земјата на влезот. Ова особено се однесува на еднородни испораки на стоки.
- Со цел усогласување на фитосанитарните процедури при транзитирањето на пратките кои подлежат на фитосанитарната контрола, надлежните инспекции, Државниот земјоделски инспекторат, Фитосанитарната инспекција на Република Македонија и Министерството за рурален развој и Генералниот секретаријат за аграрни и политики на храна –

Фитосанитарниот инспекторат на Република Грција, заклучија да разменат релевантни документи и да воспостават редовна непосредна комуникација.

- Во Пристаништето во Солун да се разгледа можноста за воведување трета смена - без дополнителни трошоци, за спроведување на операциите за товарење - истоварување на бродовите со конвенционални / генерални товари, како и царинење на редовна основа и без дополнителни трошоци до 22:00 часот, и во саботите, со што би се намалил притисокот на камиони на преминот Евзони во периодот до 14:00 часот.
- Со усогласување на прекуграничното работно време на двете железници, како и со заеднички царински инспекции, би се унапредила ефикасноста на транспортот на стоките.
- Со донесување на билатерална конвенција за соработка меѓу двете национални железнички претпријатија би се поттикнало унапредување на ефикасноста на железничкиот сообраќај меѓу двете земји и негово приспособување кон потребите на економијата.
- Двете страни го поздравија успешниот заеднички проект во рамките на ИПА-Прекугранична програма, со што се подобри инфраструктурата на потегот Богородица - Дојран, и се даде поддршка за натамошни заеднички иницијативи на двете царински управи во користење на ЕУ-фондовите, а за унапредување на тврда и мека инфраструктура на прекуграничните премини.
- Присутните ја поздравија иницијативата за средбата и заклучија дека треба да се продолжи со истите, со цел олеснување и забрзување на прекуграничниот проток на стоки. Во таа смисла се предложи основање на заедничко тело за унапредување на прекуграничниот транспорт, коешто би имало работни групи согласно тематските сектори застапени во прекуграничните контроли и работење. Претседателот на Здружението за меѓународен патен транспорт со канцеларија во Солун, г. Апостол Кенанидис, предложи следната средба да се закаже во Солун во најкусо време.